Средствата утврдени со Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 13**

Буџетот на Општината Гази Баба се извршува од 01.01.2007 до 31.12.2007 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба „ , а ќе се применува од 01.01.2007 година.

**Бр.07-4952/3**
**од 26.12. 2006 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Гази Баба**
**Кире Бузлиев,ср**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2007 година**

1. Се објавува Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26.12.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5093/3**
**од 29.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 ), член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 53/01 ), член 17, став 1 и 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05 ), и Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04), Советот на Општина Гази Баба на 18–та седница одржана на 26.12.2006 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф"
## на Општина Гази Баба за 2007 година

**ВОВЕД:**

ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНАРАЊЕ "Ф" се состои од следните подпрограми:

I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

II. Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( тековно – оперативни трошоци )

III. Ф.3. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( тековно – оперативни трошоци )

IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)

V. Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)

ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ

ПРИХОДИ:

| Кат. | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | Вкупни приходи | 89.257.000,00 | 100% |
| 71 | | | | Даночни приходи | 85.357.000,00 | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 85.357.000,00 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 85.357.000,00 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 85.357.000,00 | |
| 72 | | | | Неданочни приходи | 1.900.000,00 | |
| | 724 | | | Други владини услуги | 1.000.000,00 | |
| | | 7241 | | Други владини услуги | 1.000.000,00 | |
| | | | 7241 12 | Надомест за изработени просторни и урбанистички планови | 1.000.000,00 | |
| | 725 | | | Други неданочни приходи | 900.000,00 | |
| | | 7251 | | Донации од приватни компании | 600.000,00 | |
| | | | 7251 11 | Тековни донации – претпријатија | 600.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 7252 | | Донации од физички лица | 300.000,00 |
| | | | 7252 11 | Тековни донации – лица | 300.000,00 |
| 74 | | | | Трансфери и донации | 2.000.000,00 |
| | 741 | | | Трансфери од други нивоа на власта | 2.000.000,00 |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 2.000.000,00 |
| | | | 7412 11 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 2.000.000,00 |

Овие вкупни приходи се распределуваат во потпрограмите “Ф1. Ф2. Ф.3, Ф.А и Ф.Д”.

## I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## ВОВЕД

Тековно–оперативните трошоци за урбанистичко планирање, се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува Годишна програма за изработка на детални урбанистички планови.

Подпрограмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

## ПРИХОДИ

| Кат. | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **15.600.000,00** | **100%** |
| **71** | | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **14.600.000,00** | |
| | 717 | | | | Даноци на специфични услуги | 14.600.000,00 | |
| | | 7171 | | | Комунални даноци | 14.600.000,00 | |
| | | | 7171 37 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште ( дел ) | 14.600.000,00 | |
| **72** | | | | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1.000.000,00** | |
| | 724 | | | | Други владини услуги | 1.000.000,00 | |
| | | 7241 | | | Други владини услуги | 1.000.000,00 | |
| | | | 7241 12 | | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 1.000.000,00 | |

## РАСХОДИ

| Кат. | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ воденари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **15.600.000,00** | |
| **42** | | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | 15.600.000,00 | 100% |
| | 425 | | | | Договорни услуги | 15.600.000,00 | |
| | | 4256 | | | Услуги за животна средина и планирање | 13.500.000,00 | |
| | | | 4256 40 | | Изработка на просторни и други урбанистички планови | 13.500.000,00 | |
| | | | | 1. | Маџари 1 – Хиподром – урб. блок 1 | 318.600,00 | |
| | | | | 2. | Дел од ИИЗ МЗ Маџари 1–урб.блок Исток | 126.791,00 | |
| | | | | 3. | Дел од ИИЗ МЗ Маџари 1–урб.блок Централен дел | 152.149,00 | |
| | | | | 4. | Дел од ИИЗ МЗ Маџари 1 –урб.блок Запад | 126.791,00 | |
| | | | | 5. | Источна индустриска зона лок. Вардариште | 88.500,00 | |
| | | | | 6. | Источна индустриска зона (локалаитети 40,41,42) | 153.636,00 | |
| | | | | 7. | Дел од Источна индустриска зона – урб.модул 8 | 165.750,00 | |
| | | | | | | | |
| | | | | 8. | Дел од Источна индустриска зона – урб.модул –––7 | 735.000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 9. | Источна индустриска зона | |
| | | 10. | Железара – Индустриска зона | |
| | | 11. | Дел од МЗ Маџари 2 – урб.блок 5 | 242.250,00 |
| | | 12. | Дел од МЗ Маџари 2 – урб.блок 6 | 1.053.600,00 |
| | | 13. | МЗ Крсте Мисирков | 22.822,00 |
| | | 14. | Дел од МЗ Крсте Мисирков | 38.940,00 |
| | | 15. | Дел од МЗ Крсте Мисирков<br>– урб.модул – 4 | 749.700,00 |
| | | 16. | Дел од МЗ Крсте Мисирков<br>– урб.модул 4” и 4 | 136.000,00 |
| | | 17. | Дел од МЗ Крсте Мисирков<br>– урб.модул 6 | 127.500,00 |
| | | 18. | Дел од МЗ Крсте Мисирков | – |
| | | 19. | МЗ Трианагла | 83.682,00 |
| | | 20. | Дел од МЗ Триангла | |
| | | 21. | Дел од МЗ Јанае Сандански урб.модул | 675.998,00 |
| | | 22. | Дел од МЗ Јанае Сандански<br>урб.модул –––– 3 | 255.000,00 |
| | | 23. | МЗ Керамидница урб.блок 1+1” | 228.212,00 |
| | | 24. | МЗ Керамидница урб.блок 2 | 142.006,00 |
| | | 25. | МЗ Керамидница урб.блок 3 | 131.862,00 |
| | | 26. | Дел од МЗ Триангла<br>– дел од урб.блок – 19 | 100.000,00 |
| | | 27. | МЗ Автокоманда – урб.модул 2+2” | 1.394.000,00 |
| | | 28. | МЗ Автокоманда (54) комплекс факултети | |
| | | 29. | Спортско рекреативен<br>центар –Железара | 544.000,00 |
| | | 30. | Спортско рекреативен<br>центар–Хиподром –– урбан модул 9 | 1.818.048,00 |
| | | 31. | Трошоци за изготвување на планови по иницијатива на Градски комитет или за подобрување на реализацијата на донесените планови – спроведување по судски решенија | |
| | | 32. | Трошоци за изготвување и изменување на планови по иницијатива на граѓани и правни лица | |
| | | 33. | Трошоци за изготвување на детални урбанистички планови, заради усогласување со ГУП на град Скопје | |
| | | 34. | Сервисна зона – северно од булевар Александар Македонски | |
| | | 35. | Слободна стопанска зона | |
| | | 36. | Урбанистички планови вон населено место на територијата на Општина Гази Баба | |
| | | 37. | Трошоци за изработка на<br>урбанистички планови за села | 3.889.163,00 |
| | | 38. | Дел од село Трубарево<br>– локалитет “Ергела” | 59.800,00 |
| | | 39. | Село Колонија – Идризово | 50.000,00 |
| | | 40. | с. Трубарево | |
| | | 41. | с. Сингелиќ | |
| | | 42. | с. Инџиково | |
| | | 43. | с. Булачани | |
| | | 44. | с. Црешево со с. Виниче | |
| | | 45. | с. Идризово | |
| | | 46. | с. Гоце Делчев | |
| | | 47. | с. Страчинци | |
| | | 48. | с. Стајковци | |
| | | 49. | с. Смилковци | |
| | | 50. | с. Брњарци | |
| | | 51. | с. Раштак | |
| | | 52. | с. Јурумлери | |
| **4259** | | | **Други договорни услуги** | **2.100.000,00** |
| | 4259 20 | 54. | Услуги за копирање,<br>печатење и издавање | 300.000,00 |
| | 4259 30 | 55. | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување ) | 200.000,00 |
| | | | | |
| | 4259 40 | 56. | Рушење на објекти | 1.500.000,00 |
| | 4259 90 | 57. | Други договорни услуги | 100.000,00 |

**II. Ф.2 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( тековно оперативни трошоци )**

**III. Ф.3 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА**

ПОДПРОГРАМИТЕ Ф.2 И Ф.3 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ, СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**П Р И Х О Д И**

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Извори на финансирање | Износ воденари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 2.000.000,00 | |
| 71 | | | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 2.000.000,00 | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 2.000.000,00 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 2.000.000,00 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 2.000.000,00 | |

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОДПРОГРАМИТЕ Ф.2 и Ф.3**

**Р А С Х О Д И**

| Кат. | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | | |
| 42 | | | | | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.000.000,00 | |
| | 425 | | | | Договорни услуги | 1.000.000,00 | |
| | | 4259 | | | Други договорни услуги | 1.000.000,00 | |
| | | | 4259 90 | | Други договорни услуги | 1.000.000,00 | |
| | 426 | | | | Други тековни расходи | 1.000.000,00 | |
| | | 4269 | | | Други оперативни расходи | 1.000.000,00 | |
| | | | 4269 90 | | Други оперативни расходи | 1.000.000,00 | |

**IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Капитални трошоци)**

**ПРИХОДИ**

| Кат. | Ставка | Основна ставка | Подставка | Извори на финансирање | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 70.757.000,00 | |
| 71 | | | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 68.757.000,00 | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 68.757.000,00 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 68.757.000,00 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 68.757.000,00 | |
| 74 | | | | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 2.000.000,00 | |
| | 741 | | | Трансфери од други нивоа на власта | 2.000.000,00 | |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 2.000.000,00 | |
| | | | 7412 22 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 2.000.000,00 | |

## ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД ПРОГРАМАТА Ф.А

## РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
| | | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 70.757.000,00 | |
| 48 | | | | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 70.757.000,00 | |
| | 481 | | | | Деловни објекти | 1.500.000,00 | |
| | | 4812 | | | Деловни објекти | 1.500.000,00 | |
| | | | 4812 10 | | Подготвување на проекти на деловни објекти | 500.000,00 | |
| | | | 4812 20 | | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 1.000.000,00 | |
| | 482 | | | | | 66.557.000,00 | |
| | | **4821** | | | **Улици и патишта** | **30.000.000,00** | |
| | | | 4821 10 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизај на улици и патишта | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Изработка на проекти, изградба на објекти и реконструкција на објекти од комунална ифраструктура која е во надлежност на Градот Скопје и Општина Гази Баба, за исполнување на договорните обврски кон корисниците – 60% за Град Скопје и 40% за Општина Гази Баба | 500.000,00 | |
| | | | | | Проекти за водоводна мрежа | | |
| | | | | | Проекти за фекална мрежа | | |
| | | | | | Проекти за атмосферска канализација | | |
| | | | | | Проекти за ниско–напонска електрична мрежа | | |
| | | | | | Проекти за топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Проекти за јавно зеленило (садење дрвореди ) | | |
| | | | | | Проекти за јавно осветлување | | |
| | | | | | Проекти за коловоз | | |
| | | | | | Сообраќајни планови | | |
| | | | | **Изработка на проекти од комунална инфраструктура кои се финансираат 100% од Општина Гази Баба** | | **500.000,00** | |
| | | | | | Проекти за водоводна мрежа | | |
| | | | | | Проекти за фекална мрежа | | |
| | | | | | Проекти за атмосферска мрежа | | |
| | | | | | Проекти за ниско–напонска електрична мрежа | | |
| | | | | | Проекти за топлификациона мрежа | | |
| | | | | | Проекти за јавно зеленило (садење дрвореди ) | | |
| | | | | | Проекти за јавно осветлување | | |
| | | | | | Проекти за коловоз | | |
| | | | | | Проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери | | |
| | | | | | Сообраќајни планови | | |
| | | | **4821 20** | | **Изградба на улици и патишта** | **19.000.000,00** | |
| | | | | | Изградба на сервисни и станбени улици кои се финансираат заеднички помеѓу Градот Скопје и Општина Гази Баба, за исполнување на договорни услуги кон корисниците ( 60% за Град Скопје и 40% за Општина Гази Баба ) | 10.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на водоводна мрежа | | |
| | | | | | Изградба на фекална мрежа | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Изградба на атмосферска канализација | |
| | | Изградба на ниско–напонска електрична мрежа | |
| | | Изградба на топлификациона мрежа | |
| | | Изградба на хидрантска мрежа и јавно зеленило со садење дрвореди | |
| | | Изградба на улично осветлување | |
| | | Изградба на коловоз | |
| | | Изградба на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери | |
| | | **Изградба на сервисни и станбени улици кои се финансираат 100% за Општина Гази Баба** | **9.000.000,00** |
| | | Изградба на водоводна мрежа | |
| | | Изградба на фекална мрежа | |
| | | Изградба на атмосферска канализација | |
| | | Изградба на ниско–напонска електрична мрежа | |
| | | Изградба на топлификациона мрежа | |
| | | Изградба на хидрантска мрежа и јавно зеленило со садење дрвореди | |
| | | Изградба на улично осветлување | |
| | | Изградба на коловоз | |
| | | Изградба на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери | |
| | | Сообраќајна сигнализација | |
| | | Улични препреки (легнати полицајци ) | |
| | **4821 30** | **Реконструкција на улици и патишта** | **10.000.000,00** |
| | | Реконструкција на водоводна мрежа | |
| | | Реконструкција на фекална мрежа | |
| | | Реконструкција на атмосферска канализација | |
| | | Реконструкција на ниско–напонска електрична мрежа | |
| | | Реконструкција на топлификациона мрежа | |
| | | Реконструкција на коловоз | |
| | | Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки | |
| **4823** | | **Пречистителни станици и колектори** | **1.000.000,00** |
| | 4823 10 | Подготвување на проекти, вклучувајќи дизај на пречистителни станици и колектори | 300.000,00 |
| | 4823 20 | Изработка на пречистителни станици и колектори | 700.000,00 |
| **4824** | | **Изгадба на депонии за отпад** | **700.000,00** |
| | 4824 20 | Изгадба на депонии за отпад | 700.000,00 |
| **4827** | | **Капацитети за водоснабдување** | **11.500.000,00** |
| | 4827 10 | Подготвување на проекти вклучувајќи дизај на капацитети за водоснабдување | 800.000,00 |
| | 4827 20 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 10.700.000,00 |
| | 4827 30 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | |
| **4829** | | **Изградба на други објекти** | **23.357.000,00** |
| | 4829 10 | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти<br>Проекти за изградба на катни гаражи | 1.557.000,00 |
| | | Проекти за изградба на пешачки патеки, јавни паркиралишта и други површини со завршен слој од префабрикувани бетонски елементи, мермерни плочи и друг вид на градежен материјал | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **4829 20** | **Изградба на други објекти** | **12.000.000,00** |
| | | | Изградба на катни гаражи | |
| | | | Изградба на пешачки патеки, јавни паркиралишта и други јавни површини со завршен слој од бетонски префабрикувани елементи, мермерни плочи и друг вид на градежен материјал | |
| | | | Поставување на нови светлечки елементи | |
| | | **4829 30** | **Реконструкција на други објекти** | **9.800.000,00** |
| 483 | | | | 1.700.000,00 |
| | **4831** | | **Купување на мебел** | **600.000,00** |
| | | 4831 10 | Купување на канцелариски мебел | 600.000,00 |
| | **4832** | | **Купување на опрема** | **1.100.000,00** |
| | | 4832 40 | Купување на канцелариска опрема | 800.000,00 |
| | | 4832 90 | Купување на друга опрема | 300.000,00 |
| 485 | | | | 1.000.000,00 |
| | **4854** | | **Нематеријални средства** | **1.000.000,00** |
| | | 4854 10 | Земјиште | 500.000,00 |
| | | 4854 20 | Надоместок за одземен имот | 500.000,00 |

Во рамките на реализацијата на Програмата предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% обврска на Град Скопје.

ТРОШОЦИ ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ, ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ДО СИТЕ ВИДОВИ ПАРЦЕЛИ ЗА КОИ ГРАДОТ СКОПЈЕ СОЗДАЛ ДОГОВОРНИ ОБВРСКИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ ДО 31.12.1996 Г. И ПОРАНО И ОД 01.01.1997 Г. ДО ОТВОРАЊЕ НА ЖИРО–СМЕТКАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ЗА ОВИЕ ДОГОВОРНИ ОБВРСКИ ГРАДОТ ПРЕЗЕМА ОБВРСКА ДА ГИ ИСПОЛНИ ДОГОВОРНИТЕ ОБВРСКИ 100% КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

1. –Ул. Лазар Поп Трајков, извод 72/96 и 31/96, изградба, со објекти од комунална инфраструктура;
2. –Ул. Трифун Хаџијанев, изградба, со објекти од комунална инфраструктура;
3. –Паркинг кај А–1–1 извод 27/96, изградба со објекти од комунална инфраструктура;
4. – Паркинг кај А–1–2 извод бр.30/96, изградба со објекти од комунална инфраструктура;
5. –За сите напред наведени објекти треба целосно да се изгради инфраструктура со сите фази, бидејќи дел од објектите се пуштени во употреба;
6. – Станбен блок Б–69 – Маџари припрема техн. документ. за изградба на јавно осветлување за паркингот;
7. Ул. Палмиро Тољати – (дел извод 58/95) расчистување, (сопствениците на објектите за експропр. не дозволуваат мерење);
8. Улици во Индустр. Зона Исток:
   – ул. 2 – извод 11/93
   – ул. 3 – извод 16/93
   – ул. 4 – извод 13/93
   – ул. 5 – извод 14/93
   – ул. 6 – извод 15/93
   –ул 7, 8 и 12
9. За деловите од овие улици е изведена инфраструктурата, останува да се заврши асфалтирањето и јавното осветлување;
10. Ул. 1 и ул. 11 во Индустр. зона Исток, расчистување и изработка на проекти за изградба на објекти од инфрастр. за индив. и заедничка комун. потрошувачка;
11. Паркинг на ул. Пехчевска и дел од ул. Пехчевска извод 86/93, продолжување со расчистување;

12. Ул. Никола Киров Мајски извод 133/96, расчистување;
    Паркинг кај деловен објект на Техника во Хиподром, објектот е пуштен во употреба, припрема техн.документ.за изградба паркинг со објекти од комунална инфраструктура;
13. Ул. 9 во нас. М.А Ченто, изв.166/92, дорасчистување и изградба со целосна инфраструктура за индивидуални објекти кои беа на конкурс, измирени се обврските за уредување, треба да се изгради инфраструктура за индивидуална и заедничка потрошувачка;
14. Ул. Сава Михајлов (дел), изв. 5/96 продолжување со расчистување;
15. ул. Ордан Пиперката (дел) продолжување со расчистување;
16. Дорасчистување – уривање за станбени кули на ул. Н. К. Мајски во нас. Хиподром;
17. Трошоци за опремување со објекти од комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка до градежни парцели.

## 3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПРЕМУВАЊЕ СО ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето до градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра.

Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо ).
- Предлог –надоместот за одземените и неплатени насади, посеви и шуми на земјиштето и плодовите што се одземаат, се пресметува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.
- Предлог – надоместот за експроприрани објекти или објекти што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност. Од продажната цена по која градежната оператива продава соодветен простор изграден во најблиската околина, до објектот што е предмет на експропријација се одбива:

а.) Износот на вложените средства за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална потрошувачка, кои не се изведени во објектот што е предмет на експропријација.

б.) Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште, кој не е платен за објектот кој е предмет на експропријација, а истиот е изграден по 01.01.1966 година.

в.) Износот за степенот на амортизација за објектот кој е предмет на експропријација, кој се одредува согласно Законот за продажба на станови во општествена сопственос и согласно Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост.

- Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;
- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

а.) Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:
- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

б.) Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;
- изградба на секундарна гасоводна мрежа до и со последната шахта;
- изградба на секундарна ниско–напонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела, ги плаќа 60% Градот Скопје и 40% Општина Гази Баба, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно – правни и технички услови и материјални средства.

## 5. ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно Одлуката за уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, се пресметува на следниот начин.

– За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и Општина Гази Баба, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметувањето на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (“Сл. Весник на РМ” бр. 80/–2001 год. ) и исправка на истиот Правилник (“Сл. Весник на РМ” бр. 85/–2001 год. )

– За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став.

Просториите со нето висина до 2,50 м  кои се пресметуваат со коефициент 0,1 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје (“Сл. Весник на РМ” бр. 85/–2001 год. ), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.

– Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.

За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 – се пресметува надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.

б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од Општина Гази Баба

Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2007 година а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика

**5.1.** Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност – бонитет на локалитетот – комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под–Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:

ТАБЕЛА "А"

| | КОМПЛЕКСИ И ЗОНИ | Основни комуналии + пречистетелна станица 1% | Погодност – бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен јавен, простор | деловен, производен простор |
| 1. | V/1 /дел/; VI/1 /дел/ | 21+1=22% | 4% | 10% |
| 2. | VI/1 /дел/ | 19+1=20% | 2% | 8% |
| 3. | VII/3 | 17+1=18% | 1,5% | 4% |
| 4. | VIII/2 | 15+1=16% | 1% | 2% |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс. За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под–Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

– За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1% презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и

објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа ............................................... 1,5%
б. Фекална канализациона мрежа ................................. 1,5%
в. Ниско–напонска електрична мрежа ............................ 2,3%
г. Топлификациона мрежа .......................................... 3,2%

Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно меѓу корисникот и ЈП„ Водовод и Канализација„ за делот на приклучокот од приклучната шахта во градежната парцела на корисникот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежи наведени во хидротехничките услови издадени од ЈП„Водовод и Канализација„.

Корисникот може да избере изведувач кој ќе ги изведе горенаведените приклучоци но мора од ЈП„ Водовод и Канализација„ да обезбеди стручен надзор и примање на приклучоците.

Сопственикот – корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното прет–

пријатие Општината Гази Баба ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс– договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се нплатува по упросечени цени.

Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, да се регулираат договорно помеѓу Ј.П. "Водовод и канализација" и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежи наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П. "Водовод и канализација". Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П. "Водовод и канализација".

Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши со исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и Општината.

Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без согласност на Градот Скопје и Општината, Градот и Општината нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорно регулирање на обврските помеѓу Градот и Општината и Корисникот.

Трошоците за опремување на конкретна локација до градежна парцела опфаќаат:

–Трошоците за опремување на градежно земјиште до градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и цени од усвоен ценовник, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура, во основниот писмен договор, а дефинитивно се регулираат со анекс писмен договор со изведувачите на работите.

Трошоци за преместување на објекти од комунална инфраструктура се пресметуваат со претпоставени количини според приложениот проект за изведување на објекти од комуналната инфраструктура во основниот писмен договор, а дефинитивно се регулира со Анекс – договор со изведувачот.

Конкретни трошоци за преместување на објекти од комунална инфраструктура за делот во границите на градежната парцела доделена на корисникот на земјиштето, ќе ги сноси корисникот (50%).

Преместувањето на објектите од комуналната инфраструктура, се уредува со Анекс – договор, а корисникот на земјиштето доставува техничко решение и пресметка за чинењето на работите на преместувањето, изготвени и оверени од соодветното јавно комунално претпријатие или. Анекс – договорот се склучува за висина на средствата од 50% од средствата помеѓу корисникот на земјиштето и Локалната самоуправа.

Од вкупно наплатените средства од основниот договор и анекс – договорот, трошоците за преместување ќе ги сноси Градот Скопје 60% и Општина Гази Баба 40%.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, во рок од 2/две/ години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Трошоците за расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на конкретна градежна парцела, корисникот на градежното земјиште ќе го поднесе само делот од трошоците од објектите што паѓаат на конкретната градежна парцела.

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот – сопственикот на земјиштето од една страна и Општина Гази Баба од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички

проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски е во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот – сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "Електростопанство на РМ " – Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација " – Скопје и се составен дел на договорот.

Градот Скопје и Општина Гази Баба ќе дадат налог на ЈП "Водовод и канализација ", АД "Електростопанство на РМ " – Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација " – Скопје за приклучување на уличната мрежа, а испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење ќе биде по исполнување на договорните обврски од страна на корисниците на земјиштето кон локалната самоуправа.

Кога корисниците на земјиштето извршиле приклучување на изградената комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без писмена согласност од локалната самоуправа, локалната самоуправа нема да даде налог за испораката наведена од претходниот став, додека договорно не се регулираат обврските помеѓу локалната самоуправа и корисниците на земјиштето.

Кога корисниците на земјиштето ќе изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, должни се за разликата која ќе се јави да склучат Анекс–договор согласно на ДУП кој е во важност во моментот на склучување на Анекс–договорот, што е услов локалната самоуправа да му ги исполни целосно договорните обврски кога ќе се создадат правни, технички и материјални услови.

Кога корисниците на земјиштето изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, а вкупно изградената површина неможе да се вклопи во ДУП кој е во важност, локалната самоуправа нема да ги исполни договорните обврски.

Корисниците на земјиштето се должни, пред барање за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да достават нов имотен и евидентен лист од Државниот завод за геодетски работи или да овозможат на Комисијата од локалната самоуправа да ја утврди дефинитивно изградената површина и склучат Анекс–договор и ги исполнат договорните обврски кон локалната самоуправа, за утврдената разлика во површина.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор, се наплатува еднократно, според усвоената табела за погодност – бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместекот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг ) во станбен простор, не се наплатува и не се враќа.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (воколку недокаже со документација дека истиот го регулирал.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто неплаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Гази Баба да им надокнади за порано направените трошоци за изградените основни инфраструктурни мреживо висина од 33% од надоместокот за уредување на градежно зејиште одреден во ГЛАВА– 5. точка 5. 1. и 5.2. да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за Градот Скопје, помеѓу корисникот на земјиштето и Градот Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште врз основа на

донесените тогашни решенија за услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договор помеѓу Градот, Општината и корисникот – сопственикот на земјиштето. Корисникот на земјиштето е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градба.

Корисникот на градежното земјиште е должен, да достави до Општината одобрение за градба, во рок од 60 дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот за уредување на градежното зејиште. Доколку корисникот на земјиштето не прибави одобрение за градење во рок од 60 дена од денот на склучувањето на договорот или доколку не отпочне со градење на објектот, согласно рокот утврден во одобрението за градење, договорот престанува да важи.

Престануваат да важат и договорите за надоместок за уредување на градежно земјиште склучени во претходниот период, за кои е платен надомест а не се отпочнати со изградба на објектите.

На корисниците од претходниот став, платениот износ на надоместокот за уредување на градежното земјиште, им се признава како платена површина утврдена во договорот.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно, без учество на Градот и Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат. За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и овластените АД. При ова се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка. Оваа изградена инфраструктурна мрежа, мора да биде предадена на Градот и Општината, да се овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да им надоместат на Градот и Општината целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 7. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината Гази Баба.

## Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( капитални трошоци )

### ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредуваат капиталните расходи за уредување на просторот во руралните подрачја.

Финансирањето на оваа Подпрограма е од неданочни приходи односно од донации од физички лица и донации од претпријатија

### ПРИХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 900.000,00 | |
| 72 | | | | | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | | |
| | 725 | | | | Други неданочни приходи | 900.000,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7251 | | Донации од приватни компании | 700.000,00 |
| | 251 11 | Тековни донации од претпријатија | 700.000,00 |
| 7252 | | Донации од физички лица | 200.000,00 |
| | 7252 11 | Тековни донации од лица | 200.000,00 |

## ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.Д.

| Категорија | Ставка | Основна ствка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 48 | | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | 900.000,00 | |
| | 482 | | | | | 900.000,00 | |
| | | 4821 | | | Улици и патишта | 900.000,00 | |
| | | | 4821 10 | | Подготвување проекти за улици, улич. осветлување, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | | |
| | | | 4821 20 | | Изградба на улици и патишта, улич. осветлување пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | 900.000,00 | |

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврс–ки со сопствениците на градежното земјиште како и обврските од склучениот Договор за вршење стручни и административни работи во уредувањето на градежното земјиште, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Јавното претпријатије за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ – Подрачна единица Скопје.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.
2. Програмата влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гази Баба”, а ќе се применува до крајот на годината.

**Број 07 - 4952/4**
**од 26.12.2006год.**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**КИРЕ БУЗЛИЕВ, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година**

1. Се објавува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26.12.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5093/4**
**од 29.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на членот 20 став 4 и член 106 став 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ„ бр. .26 / 96) и член 22, став 1 , точка 4, од Законот за локалната Самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. .5 / 02), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесетата седница одржана на 26.12.2006 год–ина, донесе

**ПРОГРАМА**

**За изградба , реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 год.**

**1. ОПШТО**

Со оваа Годишна Програма се утврдуваат финансиските средства за изградба, реконструкција како и за редовно, инвестационо и зимско одржување на локалните патишта и улици во надлежноста на Општина Гази Баба за 2007 година, нивниот распоред – користење по намени.

**2. ПРИХОДИ**

Финансиските средства за изградба , реконструкција како и за редовно , инвестационо и зимско одржување на локалните патишта и улици во Општина Гази Баба за 2007 година се утврдуваат во износ од 19.000.000,00 денари што ќе се остварат од следниве извори :

| | | |
|---|---|---|
| Од Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ ( сретствс за 2007 год. ) | | 19.000.000,00 ден |
| | ВКУПНО 2.1 | 19.000.000,00 ден |

**3.РАСХОДИ**

Расходите во висина на приходите во износ од 19.000.000,00 денари ќе бидат користени по след–ниве намени:

3.1 За редовно одржување со крпење на ударни дупки
на локални патишта и улици, и тоа:
а) Локалени патишта ЛГБ
б) Улици низ Општината 5.700.000,00 ден
ВКУПНО 3.1. 5.700.000,00ден

3.2. Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на колоовозни констукции) на пристапни улици и патишта кои пр□тставуваат делници на локален пат и тоа:

**во Населби**

**Железара** – паркинг од десно на влезот во нас. Железара пред црвените зг.(15/40)
– улица– крак на Гемиџиска ( 80/3 )

Автокоманда – ул. Бапчор (100/5.5)
– ул. Панче Арсовски (150/5)
– Крак на ул. Христо Ботев (45/3.5)
– ул. пред Пазарче во Автокоманда (100/5.5)
– паркинг со излез од амбуланта и меѓу згради 17, 14 (15/20)
– проширување на ул. Јани Лукревски кај Руската згр (80/2)
–– улица Трифун Хаџијанев према згр. на Техника (50/4.5)

**Керамидница** – улица покрај ограда на ФАС (150/2,5)
–улица пред пешачки мост кон опш.Аеродром (50/3)
– улица позади Топлана паралелно со Жел. мост (160/3)

| | |
|---|---|
| | – дел од улица од Телефонмонтажа до надвозник кај Дојрана (80/2) |
| **Триангла** | – ул. Карл Липнех (300/4.0) |
| | – ул. Франц Лист (250/4.0) |
| | – дел од улица. Темко Попов (150/4.0) |
| **Маџари 1** | – улица покрај пруга од Пошта до Црква (400/4) |
| | – ул Јордан поп Јордано (500/4) ,(по изведба на атм. Канализација) |
| **Вардариште** | – улица од кошот до пруга (200/3,0) |
| **Хиподром** | – Пробивање на крак на ул.Бл. Стев. (140/4) |
| | – Ул. Киро Мајски (50/5,5) |
| | – улица лок.пат пред СРЦ Хиподром (со учество на градот Скопје), |
| | –рег. пат коцка од пруга до сточен пазар (со учество на Македоија пат), |
| **Маџари 2** | – крак на ул. Сречко Пужалко (150/3.5) (по изведба на водовод) |
| | – крак на ул. Јужноморавски Бригади (800/1.5),(по изведба на водовод) |
| | – крка на улица Маџари кружен тек на пазарче ( 100/3) |
| **К. Мисирков** | – пробивање на крак на ул.Антон Попов (80/4), |
| **Ј. Сандански** | – спој на ул. Сава Михајлов со пат за н.м Инџиково (300/4.0), |
| | – ул. Спиро Црне ( 500/3 ) |
| | – ул. Трајко Китанчев ( 500/4) |
| **Економија** | – пробивање на ул. Константин Петкович спој со ул.А. Авдович (80/3.5), |
| | – ул. Алија Авдовиќ 9 (100/4) |
| | – улица поврзување на ул. К. Петкович со Х Жефарович (150/4.0) |
| | – ул. Томас Минцер (250/4) |
| **во Населени Места** | |
| **Раштак** | – Санација на мост во Раштак |
| | – лок. пат Раштак Булачани (со учество на градот Скопје), (600/5) |
| | – Улица во Раштак (200/3.5) |
| **Булачани** | – Улица во Булачани (200/3.5), |
| **Црешево** | – изведба на автобуска станица, (20/10) |
| | – Улица во Црешево (200/3.5), |
| | – Улица во Црешево (200/3.5), |
| **Виниче** | – улица после црквата од лево (150/3.5), |
| | – изведба на автобуска станица, |
| **Смилковци** | – улица кај трансформатор (300/3.5), |
| **Стајковци** | – улица према Брњарци (300/3.5), |
| | – само тампонирање на улици во Стајковци (400/3.5), |
| **Страчинци** | – улица во Страчинци (350/3.5), |
| **Брњарци** | – улица во Брњарци (150/3.0), |
| **Сингелиќ** | – ул. Алија Авдовиќ 35 (150/3), (по изведба на водовод) |
| | – ул. Алија Авдовиќ 37 и 38 (350/3),(по изведба на водовод) |
| | – ул. Алија Авдовиќ 16 (600/3), (по изведба на водовод) |
| | – ул. Алија Авдовиќ 39 (150/3), (по изведба на водовод) |
| | – ул. Алија Авдовиќ 8 (50/3), (по изведба на водовод), |
| | – локален пат н.м. Сингелиќ – н.м. Инџиково (600/4) |
| **Инџиково** | – улица бр. 14 (250/3.5),(по изведба на канализација) |
| | – изведба на автобуска станица, |
| **Трубарево** | – улица во Трубарево (150/3.5), |
| **Г. Делчев** | – улица во Гоце Делчев (150/3.5) |
| **Јурмлери** | – улица во Дунек (600/3.0) |
| **Колонија** | – улица од школо до главен пат (220/3.5), |
| | – улица пред школо (100/3.5), |
| **Идризово** | – улица кај Игралиште (200/3.5) |
| | – улица во Дрма (100/3.5), 9.500.000,00 ден |

**ВКУПНО 3.2** **9.500.000,00 ден**

3.3. Предвидено зимско одржување
на ЛГБ 1 , ЛГБ 4 , ЛГБ 8 , ЛГБ 2
и улици во надлежност на општината 3.800.000,00 ден
ВКУПНО 3.3 3.800.000,00 ден

## 4. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Вкупни планирани приходи : по точка 2.1 19.000.000,00 ден
ВУПНО ПРИХОДИ 19.000.000,00 ден

Вкупни планирани расходи : по точка 3.1 5.700.000,00 ден
по точка 3.2 9.500.000,00 ден
по точка 3.3 3.800.000,00 ден

**ВУПНО РАСХОДИ 19.000.000,00 ден**

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1. За спроведување на оваа Програма надлежн е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

5.2. Програмата за Изградба и одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година е во согласност со Буџетот на Општина Гази Баба – Скопје за 2007 година.

5.3. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба„, а ќе се применува од 01.01.2007 година.

**Број 07- 4952 / 5**
**од 26.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**на Советот на Општина Гази Баба**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за улично осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година**

1. Се објавува Програмата за улично осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26.12.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5093/5**
**од 29.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница, одржана на 26.12.2006 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

1. За квалитетна и успешна функција на уличото осветлување на територијата на Општина Гази Баба, во табелата бр.И се прикажани Месните заедници со број на светилки, изразени во електрична сила и потрошувачка на работен час, и цени со кои истите би се одржувале и дел би се реконстуирале во текот на 2007 година.

Износите искажани во денарска вредност се според најрационални пресметки.

2. Према снагата и времето на работа во текот на годината за сите овие светилки ќе се потрошат 3 686 172 KWh кои помножени со моменталната цена за испорака на електрична енергија од страна на Електростопанство изнесува 3.20 денари по потрошен KWh изнесува 11.795.750,00 денари.

3. Потребни нови инвестиции за улично осветлување во 2007 година.

Овие инвестиции не се обезбедени во Буџетот за 2006 година, но потребно е да се имаат во пред–вид при евентуални дополнителни средства за реализација.

**Во прилог следат табелите за:**
**ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ**
**ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**
**РЕКАПИТУЛАР**

# I. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

| **МЕСНА ЗАЕДНИЦА** | Спецификација на моќ на светилки | | | Вкупно сијалици | Цена за работна рака и потребни часови за работа ВКВ 250 ден КВ 180 ден. | Механи– зација 1200 ден. работен час | Работна рака Пресмета но во денари | Тековно одржува ње (матери– јали) | Вкупна сума за одржува ње во 2007 год. по М.З. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 125 W | 250 W | 400W | | | | | | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
| 1. АВТОКОМАНДА | 150 | 36 | 31 | 217 | 60 | 33 | 61.800,00 | 140.200,00 | 202.000,00 |
| 2. КЕРАМИДНИЦА | 176 | – | 10 | 186 | 30 | 15 | 20.100,00 | 79.550,00 | 99.650,00 |
| 3. ЖЕЛЕЗАРА | | 342 | | 342 | 50 | 10 | 51.500,00 | 205.700,00 | 256.700,00 |
| 4. МАЏАРИ И | 300 | 33 | – | 333 | 50 | 25 | 57.500,00 | 199.800,00 | 257.300,00 |
| 5. ХИПОДРОМ | 132 | 49 | 22 | 203 | 60 | 20 | 49.800,00 | 121.200,00 | 171.600,00 |
| 6.МАЏАРИ ТРИАНГЛА | 222 | 90 | 8 | 320 | 75 | 23 | 56.250,00 | 192.000,00 | 248.250,00 |
| 7. ТРУБАРЕВО | 301 | 1 | 6 | 308 | 70 | 10 | 39.700,00 | 184.800,00 | 224.500,00 |
| 8. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 87 | 1 | 12 | 100 | 30 | 10 | 24.900,00 | 60.000,00 | 84.900,00 |
| 9.ЈУРУМЛЕРИ | 387 | – | – | 387 | 85 | 10 | 42.550,00 | 272.600,00 | 315.150,00 |
| 10.КОЛОНИЈА ИДРИЗОВО | 198 | – | – | 198 | 35 | 5 | 21.050,00 | 118.800,00 | 135.850,00 |
| 11. МАЏАРИ ИИ | 455 | 130 | 30 | 615 | 100 | 40 | 88.850,00 | 369.000,00 | 457.850,00 |
| 12. К.П.МИСИРКОВ | 235 | 205 | 30 | 470 | 85 | 45 | 90.550,00 | 276.000,00 | 366.550,00 |
| 13.ИНЏИКОВО | 78 | – | 12 | 90 | 20 | 5 | 14.600,00 | 57.100,00 | 71.700,00 |
| 14. ЈАНЕ САНДАНСКИ | 270 | 17 | 8 | 295 | 75 | 5 | 38.250,00 | 177.000,00 | 215.250,00 |
| 15. А.АВДОВИЌ | 285 | – | 5 | 290 | 70 | 10 | 42.100,00 | 174.000,00 | 216.100,00 |
| 16. СТАЈКОВЦИ | 269 | 3 | 8 | 280 | 70 | 10 | 42.100,00 | 168.000,00 | 210.000,00 |
| 17. СТРАЧИНЦИ | 32 | – | 8 | 40 | 20 | 5 | 14.600,00 | 24.000,00 | 38.600,00 |
| 18. СМИЛКОВЦИ | 50 | – | 8 | 58 | 25 | 5 | 16.750,00 | 28.800,00 | 45.550,00 |
| 19. ЦРЕШЕВО | 122 | – | 8 | 130 | 30 | 5 | 16.750,00 | 78.000,00 | 94.750,00 |
| 20. ВИНИЧЕ | 51 | – | 2 | 53 | 25 | 6 | 17.950,00 | 31.800,00 | 49.750,00 |
| 21. БУЛАЧАНИ | 70 | – | 8 | 78 | 35 | 10 | 27.050,00 | 46.800,00 | 73.850,00 |
| 22. РАШТАК | 61 | – | – | 61 | 30 | 5 | 18.900,00 | 36.600,00 | 55.500,00 |
| 23. ПИТУ ГУЛИ | 112 | – | 8 | 120 | 45 | 6 | 26.550,00 | 72.000,00 | 98.550,00 |
| 24. БРЊАРЦИ | 82 | – | 8 | 90 | 40 | 10 | 29.200,00 | 54.000,00 | 83.200,00 |
| | | | | | | | | ВКУПНО: | 4.000.000,00 |

## II. ПОТРЕБНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА НАПЛАТА НА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО 2007 ГОДИНА.

| МЕСНА ЗАЕДНИЦА | Број на светилки | Потрошени на час<br>Х = 175 Њ Ф<br>2 = 250 Њ | Цена | Годишна потрошувачка<br>Во денари | ЗА НАПЛАТА<br>За 2007 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. АВТОКОМАНДА | 217 | 3.8 | 3.20 | 390.580,00 | |
| 2. КЕРАМИДНИЦА | 186 | 3.3 | 3.20 | 339.188,00 | |
| 3. ЖЕЛЕЗАРА | 342 | 8.7 | 3.20 | 894.221,00 | |
| 4. МАЏАРИ И | 333 | 5.8 | 3.20 | 596.148,00 | |
| 5. ХИПОДРОМ | 203 | 3.8 | 3.20 | 390.580,00 | |
| 6. МАЏАРИ ТРИАНГЛА | 320 | 5.6 | 3.20 | 575.591,00 | |
| 7. ТРУБАРЕВО | 308 | 5.4 | 3.20 | 555.034,00 | |
| 8. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 100 | 1.5 | 3.20 | 154.176,00 | |
| 9.ЈУРУМЛЕРИ | 387 | 6.7 | 3.20 | 688.653,00 | |
| 10. КОЛОНИЈА ИДРИЗОВО | 198 | 3.4 | 3.20 | 349.466,00 | |
| 11. МАЏАРИ ИИ | 615 | 12.4 | 3.20 | 1.274.522,00 | |
| 12. К.П.МИСИРКОВ | 470 | 117 | 3.20 | 1.207.712,00 | |
| 13.ИНЏИКОВО | 90 | 1.2 | 3.20 | 123.341,00 | |
| 14. ЈАНЕ САНДАНСКИ | 295 | 3.6 | 3.20 | 370.023,00 | |
| 15. А.АВДОВИЌ | 290 | 3.6 | 3.20 | 370.023,00 | |
| 16. СТАЈКОВЦИ | 280 | 3.5 | 3.20 | 359.744,00 | |
| 17. СТРАЧИНЦИ | 40 | 5.3 | 3.20 | 54.476,00 | |
| 18. СМИЛКОВЦИ | 50 | 5.4 | 3.20 | 55.504,00 | |
| 19. ЦРЕШЕВО | 130 | 16.2 | 3.20 | 164.455,00 | |
| 20. ВИНИЧЕ | 53 | 6.5 | 3.20 | 66.810,00 | |
| 21. БУЛАЧАНИ | 78 | 9.8 | 3.20 | 100.729,00 | |
| 22. РАШТАК | 61 | 7,6 | 3.20 | 78.116,00 | |
| 23. ПИТУ ГУЛИ | 120 | 15.0 | 3.20 | 154.176,00 | |
| 24. БРЊАРЦИ | 90 | 12,0 | 3.20 | 123.341,00 | |
| 25. Заостанат долг од минатите | години | | | 8.500.000,00 | |
| | | | | ВКУПНО: | 18.000,000,00 |

**ВКУПНО ЗА НАПЛАТА ЗА 2007 ГОДИНА 18.000.000,00 Денари**

## III. РЕКАПИТУЛАР

| | |
|---|---|
| **1. ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **4.000.000,00 денари** |
| **2. СРЕДСТВА ЗА НАПЛАТА НА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА** | **18.000.000,00 денари** |
| | **ВКУПНО: 22.000.000,00 денари** |

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Гази Баба”, а ќе се применува од 01.01.2007 година.

**Број 07-4952/6**
**од 26,12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба (“Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од М.З. ”КРСТЕ МИСИРКОВ” Урбан блок 4 локалитет 2 -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од М.З.”КРСТЕ МИСИРКОВ” Урбан блок 4 локалитет 2 –Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26.12.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

**Број 08-5093/6**
**од 29.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 и член 36, став1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 26, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 26.12.2006 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за дел од МЗ „Крсте Мисирков„, Урбан блок 4**
**Локалитет 2 - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од МЗ „Крсте Мисирков„, Урбан блок 4, локалитет 2 – Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 11,23 ха со следните граници:

| | |
|---|---|
| – од северо–запад: | – ул. „Антон Попов„ |
| – од северо–исток и југо–исток: | – ул.„Финска„ . |
| – од југо–запад: | – оди по осовина на каналот во должина од 120м па продолжува по локациите 3623, 3624, 3625, 3626, 3627, па оди по осовината на патеката помеѓу Основното училиште и комбинираната детска градинка и продолжува по осовината на каналот во должина од 228 м до осовината на улица „Антон Попов„. |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т. бр. 2202/04 изготвен од АД за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУМ„– Скопје, содржи:

**<u>ПЛАНИРАН РАЗВОЈ</u>**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. **ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ**
2. **ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА**
3. **СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА ОД ДУП**
4. **ОСНОВНА ЦЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ**
5. **ИЗВОД ОД ГУП- СКОПЈЕ (2002)**
6. **ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО**
7. **СООБРАЌАЈ**
8. **ЕКТРО-ЕНЕГЕТСКИ МРЕЖА И ОБЈЕКТИ**
9. **ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

10. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
11. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
12. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ:**

1. **СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ** **М 1:1000**

(Намена на земјиштето, нумерација на модули и парцели, површина за изградба на објекти, градежни линии, максимална висина)

2. **СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН** **М 1:1000**

3. **ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИФРАСРУКТУРА** **М 1:1000**

**<u>ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА</u>**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. **ВОВЕД**
   1.1. Местоположба, големина и граници
   1.2. Хронолошки приказ на планскиот документ
   1.3. Улога и функција
   1.4. Цели и задачи на планот

2. **СОСТОЈБА НА ПРИРОДНИТЕ И СО РАБОТА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ**
   2.1. Местоположба, сообраќајна поврзаност и карактерисични податоци за урбаниот блок
   2.2. Природни карактеристики
   2.3. Намена на површини и организација на просторот

3. **СООБРАЌАЈ**

4. **ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

5. **ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ**
6. **ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
   6.1. Анализа на постојна состојба, заклучок
   6.2. Можности за развој

7. **БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ**

8. **ТАБЕЛАРНИ ПРИЛОЗИ**

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1. Извод од ГУП – Скопје М 1:5000
2. Извод од ДУП М 1:1000
3. Синтезен приказ М 1:1000
   (парцелација, нумерација, градежен фонд, улична мрежа и намена на земјиште)
4. Хидротехничка и електроенергетскаинфраструктура М 1:1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување просторот се составен дел на планот, направени се според Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр. 51/05).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 60 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба„.

**Бр. 07-4952/7**
**од 26.12.2006 год.**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба (“Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок по Нацрт-Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок “СКОПСКИ САЕМ -Скопје**

1. Се објавува Заклучокот по Нацрт–Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок “СКОПСКИ САЕМ” –Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 26.12.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

**Број 08-5093/7**
**од 26.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(“Службен весник на РМ” бр.51/05) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Гази Баба на осумнаесеттата седница одржана на 26.12.2006 година, расправајќи по Нацрт–Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Источна индустриска зона, Блок “СКОПСКИ САЕМ” –Скопје, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се утврдува текстот на Нацрт–Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Источна индустриска зона, Блок “СКОПСКИ САЕМ” –Скопје.

2. Надлежните органи на Општината, односно Градоначалникот и Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општината Гази Баба ќе ја спроведат понатамошната постапка за донесување на овој Детален урбанистички план согласно член 24 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

3. Овој Заклучок ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба”.

**Број 07-4952/8**
**од 26.12.2006 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 60 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Сл. Весник на Р.М.„ бр. 63/04), Градоначалникот на Општина Гази Баба го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. БЛАГИЦА СТАНКОВСКА се избира и именува за директор на основното училиште „Дане Крапчев„, Општина Гази Баба Скопје

2. Именувата на функцијата на која е избрана стапува од 22.12.2006 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Гази Баба.

**Бр. 08-4997/2**
**22.12.2006 г.**
**Скопје**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски, с.р.**

# СОДРЖИНА


1. БУЏЕТ на Општината Гази Баба за 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2

2. ОДЛУКА за извршување на Буџетот на Општината Гази Баба за 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . 18

3. ПРОГРАМА за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . 21

4. ПРОГРАМА за изградба , реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37

5. ПРОГРАМА за улично осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година . . . . . 41

6. ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за дел од МЗ „Крсте Мисирков„ Урбан блок 4 Локалитет 2 – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45

7. ЗАКЛУЧОК по Нацрт–Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок "СКОПСКИ САЕМ – Скопје . . . . . 49

8. РЕШЕНИЕ за избор и именување на директор на ОУ „Даме Крапчев" Општина Гази Баба Скопје . . . 50



**Службен гласник на Општина Гази Баба**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски бб – Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци